# ПРЕДЛОГ ЗАКОН

# ЗА ПОПИС НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, 2024 ГОДИНА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот на земјоделството во Република Северна Македонија, 2024 година (во натамошниот текст: Пописот), односно единиците кои се опфаќаат со Пописот, пописните реони, надлежниот орган за организација и спроведување на Пописот, начинот на извршување на Пописот и ангажирањето на учесниците, стручните тела и другите учесници во спроведувањето на Пописот, употребата на јазиците во Пописот, користењето, чувањето и заштитата на податоците од Пописот, обработката и објавувањето на податоците од Пописот, информирањето на населението за целите и значењето на Пописот и неговото финансирање.

### Член 2

(1) Агрегираните (збирни) податоци, добиени од податоците собрани со Пописот, ќе се користат за:

- макроекономски планирања,
- научни и други истражувања и
- статистички цели.

(2) Индивидуалните податоци од Пописот можат да се користат за воспоставување, водење и ажурирање на статистички регистри кои се во надлежност на Државниот завод за статистика.

### Член 3

Индивидуалните податоци за деловните субјекти и личните податоци за физичките лица (во натамошниот текст: индивидуални податоци), прибрани со Пописот, претставуваат доверливи податоци и подлежат на заштита во согласност со одредбите на овој закон, Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16 , 83/18 и 220/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.31/20)и Законот за заштита на личните податоци (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/20 и 294/21).

**Член 4**

(1) Пописот ќе се спроведе во периодот од 01 до 31 март 2024 година.

(2) Пописот ќе се спроведе според состојба на 29 фебрурари 2024 година или за период од 12 месеци заклучно со 29 февруари 2024 година.

**Член 5**

(1) За потребите на подготовка и организација на Пописот, контрола на опфатот на единиците на Пописот и унапредување на квалитетот на прибраните податоци, Државниот завод за статистика има право на пристап до административните извори на податоци во државните органи и другите институции.

(2) Носителите на административните извори на податоци се должни на барање на Државниот завод за статистика да овозможат преземање на податоците од значење за Пописот, вклучувајќи ги и идентификаторите.

(3) Државниот завод за статистика е должен да ги преземе сите мерки за заштита на податоците кои се преземени од административните извори, во согласност со законот со кој се уредува државната статистика.

## II. ЕДИНИЦИ КОИ СЕ ОПФАЌААТ СО ПОПИСОТ

**Член 6**

Со Пописот се опфаќаат:

1. Семејните земјоделски стопанства,
2. Деловните субјекти, земјоделските задруги, установи или други правни лица, како и претприемачите кои се регистрирани со претежна дејност во областа на земјоделското производство и
3. Деловните субјекти и другите правни лица, кои се регистрирани за вршење дејности, кои не се поврзани со земјоделското производство, а кои имаат организациски единици во кои се извршуваат дејности поврзани со земјоделското производство.

Користеното земјоделско земјиште на единиците кои се опфаќаат со Пописот претставува најмалку 98% од вкупното користено земјоделско земјиште во Република Северна Македонија без површините под куќни градини, а бројот на добиточни единици е 98% од вкупниот број на добиточни единици во Република Северна Македонија.

**Член 7**

Единици кои не се опфакаат со Пописот:

1. Стопанства, што имаат само куќни градини (немаат производство за пазар) и стопанства, кои произведуваат земјоделски производи само за сопствена потрошувачка.

**Член 8**

За единиците кои се опфаќаат со Пописот се прибираат податоци за:

1. Идентификациски податоци за земјоделското стопанство,
2. Податоци за евиденција во Единствениот Регистар на земјоделски стопанства во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
3. Податоци за органско производство и/или транзиција кон органско производство,
4. Управување и работна сила во семејното земјоделско стопанство,
5. Управување и работна сила во деловниот субјект,
6. Други дополнителни активности на стопанството,
7. Користено земјоделско земјиште,
8. Добиток и добиточно производство,
9. Наводнување и ѓубрење на земјиштетото,
10. Механизација и опрема и
11. Користени мерки за рурален развој.

## III. ПОПИСНИ РЕОНИ

**Член 9**

За организациските потреби на Пописот, се определуваат 35 пописни реони и нивни седишта, и тоа:

| Пописен реон | Седиште | Општини кои влегуваат во реонот |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Пописен реон 1 | Берово | Берово<br>Пехчево |
| Пописен реон 2 | Битола | Битола<br>Могила<br>Новаци |
| Пописен реон 3 | Велес | Велес<br>Градско<br>Чашка |
| Пописен реон 4 | Гевгелија | Гевгелија<br>Богданци<br>Валандово<br>Дојран |
| Пописен реон 5 | Гостивар | Гостивар<br>Врапчиште<br>Маврово и Ростуше |
| Пописен реон 6 | Дебар | Дебар<br>Центар Жупа |
| Пописен реон 7 | Делчево | Делчево<br>Македонска Каменица |
| Пописен реон 8 | Кавадарци | Кавадарци |

| | | |
|---|---|---|
| | | Росоман |
| Пописен реон 9 | Кичево | Кичево |
| Пописен реон 10 | Кочани | Кочани<br>Чешиново-Облешево<br>Зрновци |
| Пописен реон 11 | Кратово | Кратово<br>Пробиштип |
| Пописен реон 12 | Крива Паланка | Крива Паланка<br>Ранковце |
| Пописен реон 13 | Крушево | Крушево<br>Демир Хисар |
| Пописен реон 14 | Куманово | Куманово<br>Старо Нагоричане |
| Пописен реон 15 | Липково | Липково |
| Пописен реон 16 | Македонски Брод | Македонски Брод<br>Пласница |
| Пописен реон 17 | Неготино | Неготино<br>Демир Капија |
| Пописен реон 18 | Охрид | Охрид<br>Дебрца |
| Пописен реон 19 | Прилеп | Прилеп<br>Долнени<br>Кривогаштани |
| Пописен реон 20 | Радовиш | Радовиш |
| Пописен реон 21 | Ресен | Ресен |
| Пописен реон 22 | Свети Николе | Свети Николе<br>Лозово |
| Пописен реон 23 | Струга | Струга<br>Вевчани |
| Пописен реон 24 | Струмица | Струмица<br>Василево |
| Пописен реон 25 | Ново Село | Ново Село<br>Босилово |
| Пописен реон 26 | Тетово | Тетово<br>Боговиње |
| Пописен реон 27 | Теарце | Теарце<br>Јегуновце |
| Пописен реон 28 | Желино | Желино<br>Брвеница |
| Пописен реон 29 | Штип | Штип<br>Карбинци |
| Пописен реон 30 | Бутел | Бутел<br>Центар<br>Чаир<br>Чучер Сандево |
| Пописен реон 31 | Ѓорче Петров | Ѓорче Петров<br>Карпош |

| | | |
|---|---|---|
| | | Сарај |
| Пописен реон 32 | Кисела Вода | Кисела Вода<br>Аеродром<br>Сопиште |
| Пописен реон 33 | Студеничани | Студеничани<br>Зелениково |
| Пописен реон 34 | Гази Баба | Гази Баба<br>Арачиново |
| Пописен реон 35 | Илинден | Илинден<br>Петровец |

**Член 10**

(1) За секој пописен реон се назначува по една Комисија за пописниот реон.

(2) Единиците на локалната самоуправа каде што е седиштето на Комисијата за соодветниот пописен реон, во соработка со Државниот завод за статистика, обезбедуваат работни простории на комисиите за пописните реони.

## IV. НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОПИСОТ

**Член 11**

Пописот го организира и спроведува Државниот завод за статистика.

**Член 12**

(1) Државниот завод за статистика ги врши следниве работи:

- навремено го известува населението и деловните субјекти за целите, задачите и за други прашања во врска со Пописот;
- врши стручна обука на членовите на комисиите за пописните реони, реонските попишувачи и другите учесници;
- организира и спроведува обука на учесниците во Пописот од аспект на примената на прописите од областа на заштита на личните податоци при споведување на Пописот;
- обезбедува инструменти (технички средства, упатства и друго) за спроведување на Пописот и ги доставува до комисиите за пописните реони и другите надлежни органи за спроведување на Пописот;
- утврдува Програма за обработка и објавување на податоците од Пописот, со содржина на табелите кои ќе се обработуваат и објавуваат;
- врши обработка на пописниот материјал;
- изготвува и објавува резултати од Пописот;

- применува технички и организациски мерки за заштита на податоците, согласно прописите од областа на заштита на личните податоци,
- поднесува извештај за Пописот до Владата на Република Северна Македонија во рок од шест месеци по спроведувањето на Пописот и
- врши и други работи согласно закон.

(2) Директорот на Државниот завод за статистика:

- пропишува Методологија за Пописот со дефиниции на единиците што се попишуваат и белезите за кои се прибираат податоци.
- ја пропишува содржината на електронските пописни обрасци согласно пропишаната Методологија за Попис;
- утврдува упатства и други инструменти за организација, спроведување и обработка на Пописот;
- утврдува Правилник за формите, техниката и начинот на обезбедување на безбедност и заштита на личните податоци од Пописот;
- го утврдува начинот и поблиските услови за именување на членови на комисиите за пописните реони и селекција и избор на реонските попишувачи;
- именува и разрешува државни инструктори;
- формира стручно тело - Биро за попис - за извршување на задачите на Државниот завод за статистика во подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот;
- го утврдува финансискиот план за користење на обезбедените средства за Пописот;
- го утврдува начинот и поблиските услови за утврдување на надоместок за извршените работи на учесниците во Пописот и
- врши и други работи согласно овој закон.

## V. УЧЕСТВО НА МИНИСТЕРСТВАТА, ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

### Член 13

Во рамките на своите надлежности утврдени со закон, во извршувањето на одредени работи од Пописот учествуваат:

1.Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

2.Единиците на локалната самоуправа;

3.Агенцијата за катастар на недвижности

4. Агенција за поддршка на развојот на земјоделството и

5.Други органи, организации и институции

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**Член 14**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

1. му дава поддршка на Државниот завод за статистика во текот на подготовките и спроведувањето на Пописот,
2. обезбедува пристап до административните податоци потребни за спроведување на Пописот,
3. учествува во информирањето на населението и деловните субјекти за потребата и значењето на Пописот,
4. обезбедува бесплатно користење на просториите во своите локални единици за потребите на спроведување на Пописот,
5. врши и други активности од нивен делокруг и надлежност утврдени со овој закон.

**Единиците на локалната самоуправа**

**Член 15**

Единиците на локалната самоуправа ги вршат следните работи: предлагаат членови во комисијата за пописниот реон, обезбедуваат простории за работа на комисијата за пописниот реон, го следат спроведувањето на Пописот на својата територија, пружаат помош на комисијата за пописниот реон во извршување на пописните задачи и вршат други работи во согласност со упатствата на Државниот завод за статистика.

**Агенцијата за катастар на недвижности**

**Член 16**

(1) Агенцијата за катастар на недвижности како надлежна институција за водење на Регистарот на просторни единици, во соработка со Државниот завод за статистика, во фазата на подготовката на Пописот ги ажурира границите на просторните единици во Регистарот во согласност со „Упатството за ревизија на границите на просторните единици за Пописот на земјоделството, 2024“.

(2) Агенцијата за катастар на недвижности, во соработка со Државниот завод за статистика, изработува скици и описи на границите на пописните кругови во согласност со „Упатството за ревизија на границите на просторните единици за Пописот на земјоделството, 2024“ и ги доставува до Државниот завод за статистика, најдоцна до 30 ноември 2023 година.

### Агенција за поддршка на развојот на земјоделството

**Член 17**

Агенцијата ги врши следните активности:

1. учествува во информирањето на населението и деловните субјекти за потребата и значењето на Пописот,
2. обезбедува бесплатно користење на просториите во своите локални единици за потребите на спроведување на Пописот,
3. врши и други активности од нивен делокруг и надлежност утврдени со овој закон.

### Други органи, организации и институции

**Член 18**

Други органи, организации, агенции и тела на Владата, се должни во случај на потреба да пружаат стручна помош на Државниот завод за статистика во подготовките и спроведувањето на Пописот, во рамките на своите надлежности утврдени со посебни прописи.

## VI. СТРУЧНИ ТЕЛА И УЧЕСНИЦИ ВО СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОПИСОТ

**Член 19**

Во подготовката, организацијата и спроведувањето на Пописот учествуваат и:

- Советот за статистика на Република Македонија,
- комисиите за пописните реони,
- државните инструктори,
- реонските попишувачи и
- други учесници во согласност со одредбите на овој закон.

**Член 20**

Советот за статистика на Република Македонија, како стручно советодавно тело за државната статистика, во согласност со Законот за државната статистика дава предлози и сугестии при подготовката на инструментите и методолошките основи за Пописот и дава мислење на директорот на Државниот завод за статистика за содржината на Методологијата за Пописот и пописните обрасци.

**Член 21**

Комисијата за пописен реон ги врши следниве работи:

- учествува во информирањето на населението и деловните субјекти за значењето на Пописот и правата и должностите на граѓаните во Пописот;
- обезбедува просторни и други материјално-технички услови потребни за спроведување на Пописот;
- презема мерки за навремено опфаќање на единиците на Пописот;
- обезбедува просторни и други услови за спроведување на обуките на учесниците во Пописот;
- заедно со државните инструктори подготвува предлог за избор на реонски попишувачи;
- заедно со државните инструктори врши распоредување на реонските попишувачи по пописни кругови и
- врши и други работи во врска со Пописот, согласно Упатството за начинот на работењето на комисиите за пописните реони и овој закон.

**Член 22**

(1) Комисијата за пописен реон е составена од 3 (три) до 7 (седум) члена, вклучувајќи го и претседателот.

(2) Вкупниот број на членови на комисијата за пописниот реон од ставот (1) од овој член се утврдува во зависност од бројот на општините во пописниот реон и од бројот на вкупното население во пописниот реон според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година.

(3) Државниот завод за статистика ги именува членовите на комисијата од ставот ( 1) на овој член од редот на административните службеници со високо образование, по предлог на единиците на локалната самоуправа кои го сочинуваат пописниот реон.

(4) Во Комисијата за пописниот реон секретарите на општините се членови по функција како преставници на единиците на локалната самоуправа кои го сочинуваат пописниот реон, односно раководен административен службеник и по едно лице од областа на геодетските работи, како и по предлог на Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и по едно лице со високо образование од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Претседател на Комисијата е секретарот на општината каде што е седиштето на пописниот реон.

**Член 23**

(1) Државните инструктори ги именува директорот на Државниот завод за статистика од редот на вработените со високо образование во Државниот завод за статистика.

(2) По предлог на министерот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, директорот на Државниот завод за статистика именува државни инструктори и од редот на вработените со високо образование во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и органите во состав на министерството.

(3) Директорот на Државниот завод за статистика на државните инструктори им издава писмено овластување.

(4) За секој пописен реон се назначуваат од еден до пет државни инструктори во зависност од бројот на општините во пописниот реон и од бројот на вкупното население во пописниот реон според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година.

**Член 24**

Државните инструктори ги вршат следниве работи:

1) спроведуваат обука на попишувачите за пописната методологија и користење на апликацијата за внес на податоци,

2) вршат целосен увид во спроведувањето на Пописот во пописниот реон;

3) им даваат стручни толкувања на учесниците во Пописот за методолошките материјали и другите инструменти во Пописот;

4) ги пренесуваат ставовите на Државниот завод за статистика по определени прашања од Пописот и обезбедуваат запознавање на сите учесници во Пописот и нивна примена на терен;

5) редовно и непосредно го следат спроведувањето на Пописот;

6) ја следат работата на комисијата за пописниот реон и даваат стручна помош во организацијата и спроведувањето на Пописот и непосредно укажуваат на неправилностите во работењето;

7) секојдневно го информираат Државниот завод за статистика за подготовките, текот и спроведувањето на Пописот;

8) го следат попишувањето што го вршат реонските попишувачи и ја координираат и организираат нивната работа во пописните кругови за кои се задолжени;

9) вршат проверка и верификација на прибраните податоци и

10) вршат и други работи и задачи во врска со Пописот, во согласност со Упатството за начинот на работењето на државните инструктори и со овој закон.

**Член 25**

(1) Реонските попишувачи ги избира комисија што ја формира директорот на Државниот завод за статистика, ако ги исполнуваат следниве општи услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија,
- да се полнолетни,
- да имаат завршено најмалку средно образование,
- да не се вработени и
- да имаат познавање за работа со персонален компјутер-таблет.

(2) При изборот на реонските попишувачи ќе се води сметка за социјалната и етничката структура на населението кое се попишува, за довербата која избраниот реонски попишувач би ја имал кај месното население, неговата можност за комуникација со лицето кое се попишува и за знаењето на мајчиниот јазик на кој зборува локалното население.

(3) Директорот на Државниот завод за статистика со правилник ќе ја пропише постапката за избор на реонските попишувачи.

**Член 26**

(1) Реонскиот попишувач врши непосредно попишување на семејните земјоделски стопанства и деловните субјекти и ги внесува податоците во електронски пописен образец.

(2) Реонскиот попишувач е должен во текот на попишувањето да постапува во согласност со методологијата и упатствота за попишување.

(3) Реонскиот попишувач е должен во пописните обрасци да ги внесе податоците според исказот на лицата, што ги даваат податоците. Стручна помош на реонскиот попишувач при спроведување на Пописот му даваат државните инструктори.

**Член 27**

(1) Во подготовките и спроведувањето на Пописот учествуваат и други лица за вршење на административно-технички и други работи.

(2) Начинот на реализација на задачите од ставот 1 на овој член, бројот на потребните лица, остварувањето на комуникацијата и соработката со комисиите за пописните реони ќе се уреди со правилник кој го донесува директорот на Државниот завод за статистика.

## VII. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОПИСОТ И АНГАЖИРАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Член 28**

(1) Пописот ќе се спроведе со употреба на преносен компјутер-таблет на посебна апликација, при што задолжитено се применуваат техничките и организациски мерки согласно со прописите од областа на заштитата на личните податоци.

(2) Основен пописен образец е Прашалник за семејни земјоделски стопанства и за деловни субјекти.

(3) Содржината и формата на пописниот образец ја пропишува директорот на Државниот завод за статистика.

**Член 29**

(1) Податоците за Пописот се прибираат со методот на интервју.

(2) За прибирање на податоците, сетот на прашања за деловните субјекти и за семејните земјоделски стопанства е дефиниран во еден прашалник, кој е вграден во соодветна ИТ апликација.

(3) Податоците се прибираат по пат на интервју. Интервјуто го спроведуваат обучени реонски попишувачи со помош на рачно преносни компјутери-таблети во кои е вградена апликација со пописниот прашалник.

(4) Реонските попишувачи податоците од семејното земјоделско стопанство ги прибираат од носителот на стопанството или од друго лице, кое го определил носителот и кое има најмногу сознанија за активностите на земјоделското стопанство.

(5) Реонските попишувачи податоците од деловните субјекти ги прибираат од управителот или од лице определено од него, кое најдобро ги познава активностите што ги врши земјоделското стопанство.

(6) Деловниот субјект кој врши дејност на земјоделско производство и одговорното лице кај деловниот субјект кој врши дејност на земјоделско производство, должни се во утврдените рокови без надомест да дадат точни и целосни одговори на сите прашања од пописниот прашалник.

(7) Носителот на семејното земјоделско стопанство или полнолетен член на семејното земјоделско стопанство, кому му се познати податоците што се прибираат со Пописот е должен без надомест да даде точни и целосни одговори на сите прашања од пописниот прашалник.

**Член 30**

За подготовката и спроведувањето на Пописот и обработката на пописниот материјал, Државниот завод за статистика може да вработува лица на определено време, во согласност со закон.

**Член 31**

Директорот на Државниот завод за статистика склучува договор за дело со учесниците во Пописот кои се ангажираат во својство на реонски попишувачи и со лицата за вршење на административно-технички и други работи.

**Член 32**

(1) Директорот на Државниот завод за статистика на лицата кои учествуваат во Пописот во својство на претседатели и членови на комисиите за пописните реони, реонски попишувачи, за работата во Пописот им издава писмено овластување кое важи само со лична карта.

(2) Учесниците во Пописот од ставот 1 на овој член, при извршувањето на своите задачи во Пописот се должни, без претходно барање, да го покажат издаденото овластување.

(3) Учесникот во Пописот од ставот 1 на овој член кој не го почитува овој закон, упатствата и инструментите при вршењето на попишувањето, ќе биде разрешен од функционерот со кој склучил договор за дело и овластувањето ќе му биде одземено.

(4) Предлог за разрешување на член на комисија за пописен реон и за реонскиот попишувач може да поднесе државниот инструктор.

**VIII. УПОТРЕБА НА ЈАЗИЦИТЕ ВО ПОПИСОТ**

**Член 33**

(1) Апликацијата со која ќе се врши попишувањето ќе биде изготвена на 2 (два) јазика: македонски и албански јазик.

(2) Попишувањето се врши на јазикот кој ќе го избере лицето кое се попишува или лицето кое ги дава податоците .

**IX. КОРИСТЕЊЕ, ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ**

**Член 34**

Индивидуалните податоци прибрани во Пописот можат да се користат за:

- целите утврдени со овој закон;
- целите за кои во согласност со Законот за државната статистика можат да се користат индивидуални податоци и
- воспоставување и водење на статистички регистри што ги води Државниот завод за статистика.

**Член 35**

Индивидуалните податоци прибрани во Пописот не можат да се користат за воспоставување, водење и ажурирање на административни регистри.

**Член 36**

(1) Попишаните лица и деловни субјекти задолжително се информираат за заштитата на индивидуалните податоци што ќе бидат собрани со Пописот и дека овие податоци не можат да се користат за донесување на какви било одлуки во врска со правното или физичкото лице на кое се однесуваат.

(2) Во апликативното решение за пописниот образец ќе се наведе дека индивидуалните податоци што се прибираат со Пописот се доверливи и заштитени со овој закон и со друг закон.

**Член 37**

(1)Лицата кои се овластени да учествуваат во спроведувањето на Пописот, како и вработените лица од Државниот завод за статистика и договорните изведувачи, се должни сите

индивидуални податоци кои ќе ги добијат за целите на Пописот да ги чуваат како доверливи податоци, за време и по завршувањето на Пописот.

(2)Лицата од ставот 1 на овој член задолжително се информираат за обврските за чување на тајноста на податоците од Пописот.

**Член 38**

(1)За податоците од Пописот ќе се обезбедат соодветни мерки за заштита и сигурност од неовластено давање, користење и поврзување, како и уништување, губење или промена на податоците.

(2)Директорот на Државниот завод за статистика со правилник ќе ги пропише мерките и техниките за заштита на податоците од Пописот.

**Член 39**

По публикувањето на дефинитивните резултати, пописните обрасци или електронскиот медиум со кои е спроведен Пописот ќе бидат складирани како доверливи документи, заштитени со закон и ќе се чуваат до спроведувањето на следниот Попис на земјоделството, а потоа се уништуваат.

## X. ОБРАБОТКА И ОБЈАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПОПИСОТ

**Член 40**

Обработката на податоците од Пописот ја врши Државниот завод за статистика според утврдена програма и утврдена временска динамика.

**Член 41**

Резултатите од Пописот се објавуваат како агрегирани статистички податоци, без никаква можност за разоткривање на индивидуалните податоци и под исти услови се достапни до сите корисници.

**Член 42**

(1)Државниот завод за статистика, за потребите на корисниците на статистичките податоци, може да изготвува агрегирани (збирни) податоци и надвор од програмата од членот 40 на овој закон, доколку не се повредуваат одредбите за заштита на индивидуалните податоци.

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, барателот на податоците е должен да ги надомести трошоците за дополнителните обработки во согласност со Решението за цените на публикационите материјали што ги подготвува Државниот завод за статистика и трошоците за дополнителна обработка на податоците.

**Член 43**

Дефинитивните резултати од Пописот, Државниот завод за статистика ги објавува сукцесивно, по завршувањето на обработката, а најдоцна до декември 2024 година.

## XI. ИНФОРМИРАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗНАЧЕЊЕТО НА ПОПИСОТ

**Член 44**

Државниот завод за статистика организира информативна кампања за целосно и навремено информирање на населението и деловните субјекти во Република Северна Македонија за целите и задачите на Пописот, начинот и постапката на попишување, како и правата и обврските на граѓаните во спроведувањето на Пописот.

## XII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОПИСОТ

**Член 45**

Вкупно потребните средства за организирање, подготовка и спроведување на Пописот ќе изнесуваат 341,71 милиони денари, од кои 60 милиони во 2023 година и 281,71 милиони во 2024 година.

**Член 46**

Директорот на Државниот завод за статистика ќе поднесе извештај до Владата на Република Северна Македонија за реализирањето на средствата од член 45 од овој закон во рок од шест месеци по завршување на Пописот.

## XIII. КАЗНЕНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Повреда на Пописот**

**Член 47**

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице ако како учесник во Пописот неовластено издаде податоци од Пописот на трето лице или во својство на државен инструктор, реонски попишувач, односно член на комисијата за пописен реон, нема да постапи во согласност со упатствата и инструментите за спроведување на Пописот и овој закон.

**Член 48**

(1) Тој што ќе уништи, прикрие, оштети, преправи или на друг начин ќе стори да бидат неупотребливи внесените податоци на пописната апликација, ќе се казни со казна затвор од најмалку три години.

(2) Ако делото од став (1) од овој член го стори учесник во Пописот или друго службено лице при спроведувањето на Пописот, ќе се казни со казна затвор од најмалку пет години.

**Член 49**

За кривичното дело од членот 48 од овој Закон постапката е итна.

**Член 50**

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице ако одбие да ги даде податоците што се бараат од него за Пописот или ако даде неточни податоци (член 29 став 7).

**Член 51**

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд, се спроведува постапка за порамнување во согласност со Законот за прекршоци.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Методологијата за пописот и прашањата содржани во пописната апликација ќе се утврдат од страна на Директорот на Државниот завод за статистика и ќе се објават во „Службен весник на Република Северна Македонија“ во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

**Член 53**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.